Утрински Весник, 23.2.2004, бр.1404, стр.14

### ИЗЛОЖБА НА ИСКРА ДИМИТРОВА ВО ЈАПОНИЈА

# „ДЕТСКИ КОМИТЕТ“ - ИНСТАЛАЦИЈА ВО ЦЕЛОСНА ТЕМНИНА

Македонската уметничка Искра Димитрова, деновиве во Музејот на современа уметност во Јокохама, Јапонија се претставува со својата самостојна изложба "Детски комитет". Воедно тоа е и нејзино петто претставување пред јапонската публика. Куратор на изложбата е независниот куратор Хироши Хирамацу, а од страна на Музејот кураторката Наоко Шоџи и асистент кураторката Фуми Накашима.

Како што вели Димитрова, во "Детски комитет", како и во претходниот проект "Урбан пејзаж" изведен повторно во Јапонија, 2003, се оддалечува од "негативната иконографија", која беше карактеристична за нејзините претходни дела. "Не ме интересираат претставите на очај, критичност, сурова реалност, политика, иронија и сарказам, толку карактеристични за општеството во кое живееме. Идејата е да се создаде оптимизам и свежина, и на уметноста да и се врати поранешната функција да го прави животот на луѓето поетичен.

Проектот "Детски комитет", претставува инсталација во потполна темнина. Кога посетителот влегува во потполниот мрак, забележува десетици деликатни светла кои лебдат на најразлични нивоа насекаде низ просторот. Ако се охрабри да навлезе во просторот, забележува нови и нови софистицирани светла( лед диоди), кои се појавуваат низ бескрајниот простор. Претставата за димензија на просторот потполно се губи, посетителот се чувствува како да лебди, понекогаш потполно губи ориентација и не знае од кој правец влегол.



Стравот од непознатото се надминува со нежните детски гласчиња кои треперат од сите правци во просторот, раскажувајки за своите секојдневни активности и светот во кој живеат. За реализација на делото направени се околу 30 интервјуа/снимки со деца во студио во Јапонија. Во основа, проектот се базира на зен-будистичкиот идеал на состојба слична на онаа на детето, каде на секојдневните активности и предмети им се пристапува со онаа радост, свежина и ентузијазам, кои се својствени на децата. Симболиката на светулката е особено експлоатирана тема во јапонската пишана култура. Во хаику поезијата, се поврзува со вселената, хармонијата и детската невиност, но и со страсната љубов. Според јапонските верувања, светулката е отелотворување на душата, било на онаа во сонот или онаа на мртвите (на пример како алтернативна форма на душата на војниците, камиказите... ). Во урбаната култура, "племе на светулките" се нарекуваат пушачите кои мора да излезат на балконите, бидејќи пушењето дома им е забрането и на тој начин создаваат поле од светулки во високите згради. Бидејќи јапонската урбана култура е цврсто врзана за традиционалната, многу карактери на ликови од јапонскиот прочуен стрип (манга) или анимиран филм, се инспирирани од културната ентомологија на овој инсект. Според најновите истражувања, светулките не можат да опстанат на места кои не се еколошки чисти, такашто современата митологија го инкорпорира и елементот на чистота во симболиката на светулката" Искра Димитрова, одржала и мултимедијална презентација/предавање за своето досегашно творештво низ компаративна анализа ("западна"- јапонска перспектива). Проектот кој ќе трае до крајот на февруари, е реализиран со поддршка на неколку јапонски фондации и на Министерството за култура на Република Македонија. Јокохама музејот на современа уметност, сместен во зграда проектирана од познатиот јапонски архитект Кензо Танге, е еден од најголемите музеи во Јапонија. На светски план, познат е по Интернационалната изложба - Јокохама триенале, кое ги вклучува најсовремените светски имиња. Во постојаната поставка на музејот се наоѓаат освен делата на најпознатите јапонски модерни и современи уметници и дела од Пикасо, Магрит, Брак, Сезан итн.

(К.Б.)